# „Simon says“/ „Симе кажува: Рачни сигнали“

**ВОВЕД**

Употребата на рачни сигнали додека возите велосипед се од круцијално значење. Нивното учење и меморирање може да биде интересно и креативно, додека нивното практикување секојдневно и постојано додека возите велосипед.

Учење и меморирање на рачните сигнали.

**Методи и стратегии:**

Визуелен метод на учење

Метод на разговор

Меморирање преку игра

**Вид на активност:**

Со оваа активност/игра учениците визуелно ќе се запознаат со рачните сигнали кои се користат додека возат велосипед.

**Потребни материјали**

Позитивно расположение

Рачните сигнали кои се наоѓаат во работниот дел од овој прирачник

Индивидуална работа

Групна работа (означено)

30-45 мин.

Како се спроведува активноста:

-Оваа активност може да се реализира и во училница или надвор од неа (училишен двор, спортско игралиште и сл.)

-Доколку ја спроведувате надвор од училница, потребни ви се велосипед и заштитна кацига.

-На почетокот наставникот треба да се информира дали целото одделение ја знае играта „Simon says/Симе кажува“. За подетални информации споделуваме линк: https://playtivities.com/30-funniest-simon-says-ideas/

-Од кога ќе се информирате за играта или изиграте заедно со учениците, продолжете со објаснување и визуелно прикажување на рачните сигнали на целото одделение.

-Рачните сигнали и воведот за целата игра „Simon says/Симе кажува“ се наоѓаат во работниот дел од овој прирачник.

## РЕЗУЛТАТ

Учење/меморирање и практично применување на рачните сигнали кои се користат при секојдневно возење на велосипед.

Ве молиме пополнете ја следната табела со цел подобрување на активностите во иднина и споделете ги со нас вашите одговори на: veloschools.ecologic@gmail.com

| Што ми се допадна од оваа активност? | Што не ми се допадна од оваа активност? | Што би промениле? |
|---|---|---|
| | | |

## Дополнителни информации:

*Рачните сигнали можете да ги најдете во работниот дел на овој прирачник под наслов: „Simon says/Симе кажува: Рачни сигнали“

-Начин на играње:

Најпрво покажете им ги рачните сигнали на целото одделение. Важно е дека покажувањето треба да го спроведете на начин на кој сте свртени со грб пред сите ученици и ги покажувате со своите раце. Учениците треба да ги копираат вашите движења.
За да ги комбинирате рачните сигнали во игра „Simon says/Симе кажува“ треба да изберете модератор кој ќе ја води играта, односно ќе биде Simon/Симе и ќе кажува што треба да направат останатите ученици. Она што Симон/Sime ќе кажува да се направи, треба да претавува конкретна активност како на пример: Simon says/Симе кажува: свртување на лево!-сите ученици треба да го покажат рачниот сигнал кој укажува на свртување на лево.
Компетитивен метод: доколку сакате играта да ја направите поинтересна, и во форма на натревар, може да го воведете принципот на исклучување по даден број на грешки (на пример: 3 грешки се дозволени), по што ученикот кој ќе згреши три пати при покажување на рачните сигнали, не продолжува со играта. Играта завршува кога ќе остане еден играч-кој е победник!
Дополнителни идеи: направете Вело Воз, каде учениците ќе одат еден позади друг пешки, или доколку имаат велосипеди ќе возат на истиот начин и ги симулираат рачните сигнали додека возат. Ако одделението брои повеќе ученици, подобро е да го поделите во неколку помали групи.